# СОСТОЈБА 1986.

Георгиев Перица
Маневски Благоја
Павлески Станко
Шумковски Јован

Уметноста е мртва, да живее уметноста!

И вечното прашање за нејзината моментна состојба и оправданост, за или против неа. Едно е неоспорно, а тоа е дека таа и понатаму чекори — се работи само за нејзиното видоизменување. Затоа повторното поставување на платна во галерија не е „никакво" враќање кон сликарството. Тоа е секогаш присатно и затоа сега, кога „новата уметничка практика" се етаблира (и покрај нејзиното спротивставување и суштина), се чини дека избива на прв план. Сепак, постои едно единствено оправдување за постоењето на делото — неговата уметничка вредност, никакви врамувања или припадност кон тековно струење. Затоа априорното категорично залагање за некој израз или колективно размислување треба да изостане.

Поаѓајќи од овие размислувања делата присутни на оваа изложба ја наоѓаат својата оправданост. Трагајќи по вистинските вредности и воспоставувајќи ги ликовните односи тие ја допираат особеноста на целосно проникнување и разрешување на проблематиката. Ако, автоматизмот и изливот на потсвесното кај Георгиев не дозволува концепт, крајниот резултат го носи внатрешното чувство за композициска рамнотежа (која на прв поглед не постои) и префинет колористички распоред. Потребата од ирационална и мунуциозна структура која доаѓа од внатрешната природа нема цел да раситни или редуцира. Психограмите на Георгиев се и суштина на нештата водени од обете страни — внатрешно-содржинската и визуелно-претставната.

Работата врз челичниот лим кај Павлески го добива својот специфичен и препознатлив белег во нејзиниот цртачки третман. Цртајќи со брусилката тој ги испитува соодносите на обработените површини од чисто оптичко-визуелен аспект — нивната светлосна игра добива карактер на сликање со четка, а преплетот од слободно извлечени линии/движења на брусилката го надополнуваат цртачкиот ефект. Кога сè тоа ќе се преплете со колористичката интервенција, се чини како да ги имаат пред себе пејзажните слики на аналитичкиот кубизам. Ваквото размислување го дава оној потребен концепт кој ја дава тежината на делото.

Сликарските остварувања на Шумковски и Маневски се преплетуваат преку пристапот кон работата. Истражувањето на колористичките соодноси кај Шумковски, гради имагинарна претстава која не определува една појава — колку се тие слики апстрактно-колористички структури, толку се и експресионистички пејзажни претстави. Тие повеќе влијаат на „уметничкиот нерв" кај реципиентот, оставајќи притоа простор за сопствен избор. Сликите на Маневски се и објекти ,бидејќи главната концепција тие ја остваруваат во нивната внатрешна композициска поставеност. Тоталниот преплет се создава од позајмувања од историјата на уметноста и носечкиот (мондријановски) концепт, кој ги обединува во една содржина.

Имајќи ги овие содржини, овие дела земени во едно, би претставувале една состојба која се движи вон веќе споменатите размислувања и творења на „новата уметничка практика", состојба која паралелно егзистира во овие простори. Навраќањето на нив не би значело во овој момент завземање на некој став, туку напротив, желба да се дополни и, пред сè, поправи сликата за состојбата на младата уметност во нашите простори во годината која изминува.

Небојша Вилиќ



Без наслов, 1985.,
70 x 60 цм



Симултана многузвучност III, 1986. 200 x 160 цм



Црно-сиво-сјајна дијагонала, 1986., 96 x 62 x 10 цм



Неприсатност — СТ, 1986. 140 x 100 цм

## ГЕОРГИЕВ ПЕРИЦА

Роден 1957 г. во Скопје. Студент е на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во класата на проф. Родољуб Анастасов.

Адреса: 105 — 35/34, Скопје, 239-541/091

**Групни изложби:**

1985. — „Експресија, гест, акција", Скопје
1986. — „80-тите години во македонската ликовна уметност", Скопје
— Шемов-Фидановски, МСУ, Скопје, (како член на групата ЗЕРО)
— како член на групата ЗЕРО работи на муралите во О.У. Тефејуз, во Чајџилницата „Галерија 7" и во Домот на младите „25 Мај" Скопје

**Самостојни изложби:**

1980. — Дом на младите „25 Мај" Скопје
1985. — Дом на младите „25 Мај" Скопје

**Каталог:**

1. На патот кон планините, 1986., масло на картон, 100 х 70 цм
2. Без наслов, 1986., масло на картон, 100 х 70 цм
3. Без наслов, 1986., —/— , —/—
4. Без наслов, 1986., —/— , —/—
5. Без наслов, 1985., —/— , —/—

## МАНЕВСКИ БЛАГОЈА

Роден 1957. г. во Скопје. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје 1986. г. во класата нз проф. Петар Мазев. Член е на ДЛУМ од 1986. г.
Адреса: Димитрија Чупоски 80—2/7, Скопје, 582-538/091

**Групни изложби:**

1984. — II Биенале на југословенски студентски цртеж, Београд
1985. — III Биенале на југословенски студентски цртеж, Београд
— IV Биенале на југословенски акварел, Карловац
1986. — Југословенска културна манифестација „Заједно", Сарајево
— XIX Изложба на учесници на I југословенска ликовна колонија на млади, „Ивањица '86"
— „Во пресрет на младоста", Скопје (заедно со С. Соколовски, С. Шуловиќ и Ј. Шумковски)

**Самостојни изложби:**

1985. — „Експресија во слика", Охрид, Титов Велес, Штип (заедно со С. Соколовски, и Ј. Шумковски)

**Награди:**

1986. — Годишна награда за сликарство на ФЛУ Скопје, Скопје

**Каталог:**

1. Симултана многузвучност III, 1986. г. 200 х 160 цм, комб. тех.
2. Симултана многузвучност IV, 1986. г. 150 х 150 цм, комб. тех.

## ПАВЛЕСКИ СТАНКО

Роден 1959. г. во с. Ерковци (Прилеп). Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во 1984. г. во класата на проф. Петар Хаџи-Бошков. Член е на ДЛУМ од 1984. г.

Адреса: Македонска преродба 100, Скопје 313-314/091

**Групни изложби:**

1982. 1983. 1984. — Југословенска културна манифестација „Заједно" Сарајево
1983. 1984. — I и II биенале на југословенски студентски цртеж, Београд
1984. — Со група млади уметници учествува во реализацијата на хепенингот во Домот на младите во

Штип
1985. — Изложба на цртеж ДЛУМ, Скопје
— 40-та изложба на ДЛУМ, Скопје
— Дипломирани студенти на ФЛУ Скопје прва генерација, МНТ, Скопје
1986. — Дипломирани студенти на ФЛУ Скопје I и II генерација, Београд
— Современ македонски акварел, Скопје

**Самостојни изложби:**

1985. — Дом на младите, Штип

**Награди:**

1984. — Годишна награда за вајарство на ФЛУ Скопје

**Каталог:**

1. Син прилог, 1986. г. челичен лим, 79 x 47 цм
2. Црно-сиво-сјајна дијагонала, 1986. г. челичен лим, 96 x 62 цм
3. Целта е иста како и нејзиното начело, 1986. г., челичен лим, 160 x 110 цм
4. $X_1$ во основа на фрагментот, 1986. г. челичен лим, 96 x 66 цм

## ШУМКОВСКИ ЈОВАН

Роден 1962. г. во Скопје. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје 1986. г. во класата на проф. Петар Мазев. Член е на ДЛУМ од 1986. г.

Адреса: Титовоужичка 13, Скопје, 228-810/091

**Групни изложби:**

1985. — Изложба на студентите на ФЛУ Скопје, Београд
— Денови на млади творци од СРМ, Скопје, Прилеп, Кочани
1985/86. — III Биенале на југословенски студентски цртеж, Београд
1986. — Југословенска културна манифестација „Заједно", Сарајево
- „Во пресрет на младоста", Скопје (заедно со Б. Маневски, С. Соколовски и С. Шуловиќ)

**Самостојни изложби:**

1985. — „Експресија во слика", Охрид, Титов Велес, Штип (заедно со С. Соколовски, и Б. Маневски)

**Каталог:**

1. Неприсатност — СТ, 1986. г. масло на платно, 140 x 100
1. Неприсатност — СТ, 1986. г. масло на платно, 140 x 100 цм
2. Лепенки во црвеницата, 1986. г. масло на платно, 140 x 100 цм.

издавач: Дом на младите „25 Мај"
кеј: „Димитар Влахов" б.б.
91.000 Скопје, Југославија
тел. 091/233-401, 233-755, 238-558
за издавачот: Гоце Димовски
редакција за ликовна уметност, галерија
состојба, 1986, Георгиев Перица, Маневски Благоја, Павлевски Станко, Шумковски Јован, 21 XI — 5. XII. 1986.
текст во каталогот: Небојша Виликј
фотографии: Кузмановски Ѓорѓи
печат: Графички завод „Гоце Делчев", Скопје
тираж: 200 примероци